Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1401/5
28. 11. 23 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

---

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО СО НАМЕНА А1.1 – СТАНБЕНИ КУЌИ – СЛОБОДОСТОЕЧКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НА ДЕЛ ОД КП 610/1 КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје,** во Општина Петровец поднесено под нивен арх. бр. 09-180/6 од 14.11.2023г, за одобрување на Урбанистички проект за село, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО СО НАМЕНА А1.1 – СТАНБЕНИ КУЌИ – СЛОБОДОСТОЕЧКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НА ДЕЛ ОД КП 610/1 КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **14-04/23** од Ноември 2023 год. изработен од **Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот **Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО СО НАМЕНА А1.1 – СТАНБЕНИ КУЌИ – СЛОБОДОСТОЕЧКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА НА ДЕЛ ОД КП 610/1 КО ПЕТРОВЕЦ, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, со технички број 14-04/23 од Ноември 2023 год.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

6.Податоци информации и мислења од релевантни институции

7.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 14-04/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1401/4 од 22.11.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**